


Во приквечерината на востанието, кручевските востаници се собрале во Беринската корија, чекајќи ја во секој момент наредбата за да го нападнат градот.

Горскиот штаб на Крушевскиот вoстанички реон, на чело со Никола Карев, кој беше определен од конгресот во Смилево за горски началник, концентрирал околу 800 востаници за напад и ослободување на Крушево. Подготвувајќи се за успешно заземање на градот, Штабот свикал состанок со следните луѓе: Иван Наумов, Питу Гули, Андреја Димков, Ѓучин Наумов, Марко Христов, Косто Демирхисарски, Иванчо од селото Љатово, Коста Попето, Ташко Карев, Методи Стојчев и др., пред кои Карев ги изнел задачите на војводите за претстојната акција. На тој состанок бил прифатен предлогот на Карев, Тодор Христов (офицерчето) да биде избран за помошник член на Штабот.

Штабот што се наоѓаше на чело на востаничките сили се состоеше од: Никола Карев – началник на Штабот, и членови: Томе Никлев, Антиноген Хаџов, Тодор Христов и Тодор Павлов. Тука Штабот ги распределил востаниците во 8 борбени групи, на кои им поставил началници и оперативни задачи. Оперативните задачи биле разработени во содејство со Т.Христов – офицерчето, кој уште порано се вовлекол скришно во градот и направил скица на поважните пунктови. Штабот издал специјален проглас со кој го објавил востанието. Потоа, според одлуката и планот, ноќта на 2 август започнал нападот на Крушево. Кога наближија до градот, 5 борбени групи, според планот, зазеле позиции околу градот, заради негово обезбедување од напад од надвор.

Така на југ, врвот „Мечкин Камен“ го зазел Питу Гули со 100 востаници.

Понатаму, заобиколувајќи го југозападно и излегувајќи на патот што доаѓа од кај селото Селце и минува низ маалото „Мочур маало“, за градот на запад позиција зазел Шурчин Наумов.

Северниот сектор бил заземен од војводата Коста Димитров, а западниот од војводата Марко Христов.

Андреја Димков со својот помошник Коста Попето настапиле и го опсадиле големото жандармериско здание, каде што биле сместени разните државни служби, со задача да го запали зданието и да ги зароби жандармите што се наоѓале во него.

Групата на Иван Аљабакот, со неговиот помошник Георги Ивановски, настапиле кон касарната, со единствена задача да ги заробат војниците што таму се наоѓале и да ја заземат касарната.

Никола Карев, со Штабот, останал насреде за да командува и набљудува. Планот се исполнил со точност.

Нападот за освојување на жандармериското здание отпочнал во 6 часот в зори, со негово опожарување и завршил напладне во 12 часот.

Нападот на касарната отпочнал во 6 часот в зори и тука борбата била упорна. Војниците, добро вооружени и дисциплинирани, дале отпор. Штабот го испратил на помош „Офицерчето". Требало да се запали касарната, што се случило дури во 4 часот попладне, искористувајќи ја градската пожарна за прскање на зданието со газија. Но началникот на касарната, Сулејман Ефенди, предвидувајќи дека ќе се случи такво нешто, претходно наредил да се ископа еден канал до поточето покрај касарната и успеаја да ги изненадат востаниците, напаѓајќи ги ненадејно. Во борбата гради в гради падналe шестмина востаници, прободени од штиковите од пушките. Меѓутоа, наспроти се, тие победија и касарната била заземена.

Кај старото римско кале, додека траел нападот на касарната, околу 3 часот попладнето 300 војници од редовната армија кои доаѓле од кај Прилеп го нападнале калето што било заземено од одредот на Марко Христов. Борбата траела 15 часа, по што војската отстапи, оставајќи на бојното поле 12 трупови.

На 3 август 1903 година градот бил ослободен од турската власт. Османската државна власт била елиминирана и била воспоставена македонска револуционерно - демократска власт во градот. Со воено – востаничките тела на Републиката раководел Реонски штаб, сместен во Гумења. Од претставниците на сите народности што го населувале градот бил свикан собир, на кој се формирало преставничко тело или Совет на Републиката, составен од 60 души, по 20 од секоја народност. Од својата средина ова тело избрало извршна власт од 6 члена, по двајца од секоја народност, наречена Привремена влада, под претседателството на Вангел Дину. Седиштето на Привремената влада се наоѓало во централното патријаршиско училиште. Привремената влада својот делокруг го поделила на 6 сектори: полициски, судски, финансиски, реквизиционен, интендантски и здравен. На чело на судскиот сектор се наоѓал Вангел Дину, со ресорот за реквизиција раководел Ѓорѓи Чаче, со финансиите – Теохар Нешков, со полицијата – Христо Ќурчиев, со интенданството – Димитар Секулов и со здравствено – санитарните работи – Никола Бају.

За остварување на своите задачи владата формирала разни комисии и други тела и служби во кои, на еден или на друг начин, било ангажирано сето население.

Во градот била основана и болница со која раководеле двајца лекари – д-р.Димко и д-р.Батал.

Со одбраната на ослободената територија раководел Реонскиот штаб, под чија команда се наоѓале сите вооружени сили на Републиката. Штабот на револуционерните сили на 6 август издаде Прокламација (манифест), што била упатена во околните села со муслиманско население во Крушевската околијата. Манифестот значел и апел за

збратимување во името на слободата во заедничката татковина – Македонија и декларација во која биле искажани целите на илинденските востаници.

Крушевската република била врвен израз на општонародните стремежи за слобода и формирање на слободна македонска држава.

Командата за напад врз ослободеното Крушево и Крушевската република му била доверена на Бахтијар-паша. Со околу 18-илјадна армија и со една полска батерија, тој го опколил градот и се настанил околу селото Кривогаштани, во самите поли на крушевските височини.

Еден дел од таа војска, околу 3.000 војници, тргнал кон север и р. Блатор и се искачил над Крушево кај с.Норово и Селце. Преостанатата војска се упатила на југ од Крушево, преку селата Вврбовец и Прибилци. Друг одред од 6.000 војници од с.Прибилци, разделен на две колони, тргнал кон југозападно Крушево. Четвртиот одред од 5.000 војници доаѓал откај Кичевско, се покажал кај Бушова чешма (северозападно од Крушево).

Против така огромната турска војска застанале 1.200 востаници, готови до еден да ги положат животите во одбрана на Републиката.

Борбите за градот почнале на 12 август, околу 10 часот претпладнето, со напад на артилеријата, која стрелала кон востаничките предни позиции. Потоа, огнот бил преместен кон куќите, кои почнале да горат една по една.

Штабот ја сфатил важноста на ситуацијата и донел енергично решение да ги отстапи сите позиции околу градот за да му даде можност на населението да се скрие или да се врати и легализира. Тоа било неизбежно, затоа што изостана помошта од околните реони.

Кога било донесено ова решение, на четирите пункта околу градот се воделе силни борби. На секторот „Слива“, Георги Стојанов со 50 востаници задржал 3.080 војници, кои во текот на еден час убиле 7 востаници.

На секторот „Растојца“, Христо и Ташко Кареви, со 50 востаници, исто така задржале една поголема маса војска, кога во текот на едночасовна борба паднале убиени двајца востаници.

На секторот Берино кај месноста „Мечкин Камен“, војводата Питу Гули со 100 востаници им давал отпор на 3.000 војници. Борбата продолжила околу 2 часа. Му била дадена заповед за отстапување но таа не била извршена. Борбата завршила со херојска смрт на војводата П.Гули и неговите знаменосци – Ѓорши Димев и Нове Смугрев, како и поголем дел од востаниците.

По напуштањето на градот од страна на востаниците, војската навлегла во градот и извршила страшна тиранија врз населението, колејќи старци и деца и умртвувајќи со

садизам жени. Војската изгорела 200 куќи и 200 дуќани и ограбила се што нашла.

Со тоа бил ставен крај на најзначајната рожба на револуцијата – Крушевската република.